# Различни правци, иста цел

# Програма

**„Текстилијада“** е годишен настан кој сега е во својата осма година.
Настанот е посветен на поттикнување дискусии на локално и на национално ниво. Преку медиумите, културата, уметноста, дебатите и другите настани, имаме за цел да изградиме партнерства и да поттикнеме социјален дијалог за справување со итни општествени прашања, особено оние кои влијаат на работниците, работничките и младите луѓе.

Нашиот настан комбинира социјални и уметнички елементи дизајнирани да ги инспирираат младите луѓе, работниците и работничките активно да се вклучат во процесите на донесување одлуки кои влијаат на пошироката заедница. Настојуваме да ја подигнеме свеста за важноста на застапувањето за правата на работниците, охрабрувајќи ги учесниците и учесничките да излезат од нивните комфорни зони и да ја прифатат општествената одговорност. Да ги здружиме силите за да поттикнеме суштински промени кои водат до посветла иднина и подобри услови за живот за сите.

Историски гледано, работниците и работничките биле составен дел од културните настани, значително обликувајќи ја културата на нивните работни места. Меѓутоа, денес тие често се наоѓаат маргинализирани, културно и социјално исклучени.

Овогодинешната тема **„Различни насоки, иста цел“** има за цел да ги нагласи различните пристапи што ги преземаат здруженијата, синдикатите, институциите и властите на локално и национално ниво за подобрување на работните услови и правата на работниците и работничките. Дополнително, ќе ги нагласиме општествено одговорните модни брендови, компании, работодавачи/чки и организации кои се стремат да ги подобрат работните процеси и продуктивноста на работниците и работничките. И покрај различните методи, единствената цел останува да се создадат подобри услови и посветла иднина за сите. Без отворен дијалог и заедничко дејствување, оваа цел ќе остане недостапна.

Во светло на неодамнешните политички промени во Македонија, се очекуваат промени на раководните позиции во министерствата и во институциите. Ова покренува прашања за иднината на соработката, почитувањето на меѓународните договори и почитувањето на потпишаните конвенции.

На позитивна нота „Текстилијада 8“ ќе ги прослави и успешните приказни за соработка на локално, национално и меѓународно ниво. Овие приказни служат како вредни лекции,

нудејќи приказ на нашите слабости, но и достигнувања. Придружете ни се додека учиме, соработуваме и работиме кон поинклузивно и правично општество.

Нашата крајна цел, овозможена преку Културно-уметничкиот центар „Текстил“ - Штип, е да поттикнеме активно граѓанско учество. Се стремиме да ги ставиме во центарот на вниманието дискусиите и на локално и на регионално ниво, охрабрувајќи партнерства и иницирајќи социјален дијалог за најгорливите прашања во нашето општество, сè со цел да обезбедиме достоинствен живот за нашите граѓани.

# Различни правци, иста цел

## Текстилијада 8, 2024

**„Различни правци, иста цел“**

**DAY 1** **Четврток | 03.10.2024**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **10:30**<br>**Посета на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.** | Посета на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Технолошко-технички факултет. | ***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br>• Општина Штип; | Локација:<br>Технолошко-технички факултет. |
| 2 | **12.00**<br>**Посета на Локална текстилна фабрика** | Посета на локална текстилна фабрика. | ***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br>• Општина Штип; | Локација**:**<br>О. Штип. |
| Поддржано од: | | | | |
| **Ручек \| 13:00 - 14:00 \| Хотел Оаза** | | | | |
| 3 | **14:45**<br>**Официјален состанок со градоначалникот при О.Штип** | Официјален состанок со градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов. | ***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br>• Општина Штип; | Локација:<br>Општина Штип |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **16 .00**<br>**Литературен конкурс** | Тема: **„Човекови права“!**<br>**Литературен конкурс** од ученици од основни и средни училишта во Штип. | **Модераторка:**<br>• Ванѓе Манева;<br>**Учесници:** Ученици од основни и средни училишта од општина Штип. Веќе осум години по ред, во рамките на Текстилијада, се одржува литературен конкурс во кој учествуваат млади од основните и средните училишта. Оваа година, темата на конкурсот ќе биде „**Човекови права**“! | Локација:<br>НУ - Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип |
| Поддржано од: OLOF PALMES INTERNATIONELLA CENTER; Sweden Sverige | | | | |
| 5 | **18.00**<br>**Кратка аудиовизуелна театарска претстава** | Изведба на аудиовизуелна театарска претстава од средношколци од Штип.<br>Тема: **„Ткаенината на правдата„** | ***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br>• Аматерско Актерско друштво - Штип; | Локација:<br>Дом на млади |
| Поддржано од: OLOF PALMES INTERNATIONELLA CENTER; Sweden Sverige | | | | |
| 6 | **20.00**<br>**Дебата** | Тема: **„Транзиција на текстилната индустрија во Борос низ призмата на работничките“!** | ***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br>**Говорници:** | Локација:<br>Канцеларија на Гласен Текстилец. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Разговори преку искуства и сведоштва на жени работници од Шведска и Македонија. | • Боска Тодоровска;<br>• Верица Кузиќ; | |
| Поддржано од: | | | | |
| 7 | **21.00**<br><br>**Заедничка вечера** со делегациите на АСТЕ и Штип, размена на искуства и запознавање. | **Заедничка вечера** на двете делегации од АСТЕ и Штип, претставувани од претставници на општините Штип и АСТЕ, работодавачи, средно текстилно училиште, факултети, здруженија, Центарот Олоф Палме, Канцеларијата на Фондацијата Фридрих Еберт во Скопје. | ***Домаќин:***<br><br>• **Иван Јорданов**, градоначалник на Општина Штип;<br><br>***Гости:***<br><br>• Делегација од АСТЕ, Шведска; | Локација:<br><br>Мал Одмор |
| Поддржано од: | | | | |

# Различни правци, иста цел

**Петок | 04.10.2024**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **10:00**<br><br>**Официјално отворање на „Текстилијада 8“** | Откривање на уметничко дело на тема: **„Различни насоки, иста цел“**.<br><br>Скулптура изработена од **Никола Смилков**. | ***Поздравни обраќања:***<br><br>• **Кристина Ампева**, претседателка на Гласен Текстилец;<br>• **Иван Јорданов**, градоначалник на Општина Штип;<br>• **Никола Смилков,** реномиран уметник**;** | Локација:<br><br>Паркот во ОУ „Ванчо Прќе“ |
| Поддржано од: | | | | |
| 2 | **10.30**<br><br>**Меѓународен форум** | Форум на текстилни градови:<br><br>Тема**: „Искуства и можности“** | ***Модератор:***<br>• *Игор Јадроски;*<br><br>***Поздравни говори***:<br><br>• Претседателка на Република Македонија, **Гордана Силјановска Давкова;**<br>• **Иван Јорданов**, градоначалник на Општина Штип;<br>• **Кристина Ампева**, Гласен Текстилец;<br>• **Валон Садики**, претставник на FES - Фондацијата | Преводот ќе биде обезбеден на англиски.<br><br>Локација:<br><br>Хотел Оаза Штип |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Фридрих Еберт;<br><br>***Панелисти:***<br>• **Јонас Видерстром**<br>• претставник, АСТЕ од Шведска;<br>• Претставничк, АСТЕ од Македонија, **Вишна Шорова Ангелова**;<br>• **Јоханес Даун**, Текстилен музеј во Борас;<br>• Градоначалник на **Општина Штип;**<br>• Градоначалник на **Општина Кочани;**<br>• Градоначалник на **Општина Свети Николе;** | |
| Поддржано од: OLOF PALMES INTERNATIONELLA CENTER; Sweden Sverige; FRIEDRICH EBERT STIFTUNG | | | | |
| | **12:20 - 13:20** | **Пауза за ручек \| Хотел ОАЗА** | | |
| 3 | **13:30**<br><br>**Настан за вмрежување** | Тема*:* **„Предизвици и перспективи во текстилниот сектор"** - силни и слаби страни. | ***Модератор:***<br>•<br><br>***Панелисти:***<br>• Министерка за финансии, **м-р Гордана Димитриеска Кочоска;**<br>• Проф. **Д-р. Ацо Јаневски**, претсавник од Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, технолошко-технички факултет; | Преводот ќе биде обезбеден на англиски.<br><br>Локасија:<br><br>Хотел Оаза, Штип |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Скала – Школа за дизајн и технологија, ментор: **Катерина Тошева,** Моден дизајнер;<br>• **Миле Бошков**, Бизнис Конфедерација на Македонија;<br>• Гости од АСТЕ;<br>• **Јоханес Даун**, Текстилен музеј во Борас;<br>• **Никола Додов**, директор на Фитр – Фонд за иновации и технолошки развој; | |
| Поддржано од: | | | | |
| **Кафе пауза \| Хотел Оаза** | | | | |
| 4 | **16:00**<br><br>**Панел дискусија** | **„Преку синдикална солидарност до поголема доверба на работниците“** | **Модератор:**<br>• Перо Момировски;<br>***Домаќин:***<br>• Гласен Текстилец;<br><br>***Панелисти:***<br>• **Мартин Ефремов**, Независен синдикат на полицијата;<br>• **Рената Ѓаконовиќ**, Грански независен синдикат на | Локација:<br><br>Хотел Оаза |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | здравство, фармација и стоматологија;<br>• Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, **Павле Беловски**;<br>• **Кристина Ампева**, Гласен Синдикат; | |
| Поддржано од: | | | | |
| 5 | **19.00**<br><br>**Визуелна изложба** | Уметнички проект: **„Водич за корисникот“.** | Отворена изложба.<br>• **Никола Марковиќ**, Србија; | Локација:<br><br>Дом на млади Штип |
| Поддржано од: | | | | |

# Различни правци, иста цел

DAY 3 **Сабота | 05.10.2024**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **11 .00**<br><br>**Панел Дискусија** | Тема: **„Политички перцепции кон правата на работниците - нови предизвици со новите власти“.** | ***Модераторка:***<br>• Весна Коловска;<br><br>***Учесници и панелисти:***<br><br>• Заменик министер за труд и економија, **Марјан Ристески;**<br>• **Кристина Ампева,** Гласен Текстилец;<br>• Директор на Управата за јавни приходи **Елена Петрова**;<br>• Директорка на Државниот инспекторат за труд **Весна Томовска;**<br>• Заменик директорка на Агенцијата за вработување, **Весна Пешова;** | Локација:<br><br>Хотел Оаза. |
| Поддржано од: OLOF PALMES INTERNATIONELLA CENTER; Sweden Sverige; FRIEDRICH EBERT STIFTUNG | | | | |
| **12:30 – 13:30 \| Ручек пауза \| Хотел Оаза** | | | | |
| 2 | **15.00**<br><br>**Промоција на весникот Текстилец“** | **Весниците ќе бидат промовирани и распределени до жителите на Штип** од страна на младите волонтери на Гласен Текстилец. | ***Учесници:***<br>• Волонтери на Гласен Текстилец | Локација:<br><br>Централно градско подрачје |

# Различни правци, иста цел

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Поддржано од: | | | | |
| 3 | **19:00**<br><br>**Изложба на стрипот „Супер Работничка“** | Тема: **„Супер Работничка“!**<br><br>Изложбата на стрипот **„Супер Работничка“** е продолжение на претходната супер хероина која ќе им помогне на работниците да се борат за своите права. Оваа супер хероина не е класичен херој што го спасува светот, туку ќе покаже дека работниците можат да се борат за своите права на работното место без да чекаат супер херој да го направи тоа, потребна им е само солидарност и синдикализација.<br><br>**Стрипот е нацртан од** уметникот **Никола Костовски**. | **Учесници:**<br>• **Никола Костовски**, уметник и графички дизајнер;<br>• **Денис Ампев,** Културно-уметнички центар - Текстил; | Локација:<br><br>Дом на млади Штип |
| Поддржано од: | | | | |
| 4 | **21.00**<br><br>**Затворање на настанот** | **Завршна забава** и вмрежување | DJ | **Локација:**<br><br>Дом на млади Штип |

***Notes:***

- Локалниот транспорт ќе биде обезбеден преку: De Luxe Company **00389 (0) 32 612 560.**